ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-659/8
31.08.2020 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, и донесената Програма за измена на Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2020 година Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Локалната урбанистичка планска документација за КП 737, КП 736/3, дел од КП 736/1 и дел од КП 735/1 КО Ново Конско со намена Е2-комунална супраструктура (градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија-фотонапонски електрани со инсталирана моќност до 1MW), општина Гевгелија дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и Јавна анкета за Локалната урбанистичка планска документација за КП 737, КП 736/3, дел од КП 736/1 и дел од КП 735/1 КО Ново Конско со намена Е2-комунална супраструктура (градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија-фотонапонски електрани со инсталирана моќност до 1MW), општина Гевгелија**

Границата на планскиот опфат ги зафаќа катастарските парцели КП 737, КП 736/3, дел од КП 736/1 и дел од КП 735/1 КО Ново Конско, општина Гевгелија.

Планскиот опфат е со површина од 1,78 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планската документација **ќе се одржи на ден 07.09.2020 година во 11:00 часот во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија.** Локалната урбанистичка планска документација за КП 737, КП 736/3, дел од КП 736/1 и дел од КП 735/1 КО Ново Конско со намена Е2-комунална супраструктура (градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија-фотонапонски електрани со инсталирана моќност до 1MW), општина Гевгелија ке биде изложена во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Јавната анкета** ќе трае 5 работни дена и тоа **од 07.09.2020 година до 16.09.2020 година, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.** Во споменатиот рок,

заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планската документација можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Градоначалник на
општина Гевгелија
м-р Сашо Поцков